**MK 13 IPA SO 0215** *(MK 13 IB SO 02)*

Твининг проект финансиран од ЕУ: “Понатамошно подобрување на системот за развој и имплементација на Националната рамка на квалификации“

*Активност3.5.2.:Сесии за советување и насочување за осигурување квалитет*

*Среднорочен резултат 3.5:Насоки и процедури за осигурување квалитет за МРК*

*Компонента 3: Подобрен процес за развивање квалификации за НРК.*

# *Процедура за осигурување квалитет: Евалуација на ново развиена квалификација*

Финален документ

КЕ Ružica Beljo Lučić
КЕ Magdalena Dybaś
КЕ Tomasz Saryusz-Wolski

декември 2016

DRAFT

## Вовед

Документот претставува предлог процедура за осигурување квалитет “Евалуација на ново развиена квалификација“ која би можела да се спроведе во Македонскиот систем на квалификации.

Процедурата за ОК се однесува за нови, стручни, парцијални квалификации, кои не се дел од образовниот систем. Но, истата може многу лесно да се примени за сите типови на квалификации во Македонскиот систем на квалификации.

Процедурата “Евалуација на ново развиена квалификација” се однесува на содржината на квалификацијата, нејзините придобивки, а не на формалните барања. МОН (Одделението за НРК) е задолжено да ја провери усогласеноста на квалификацијата со формалните барања (види График 1).

График 1. Основни елементи за осигурување квалитет на нови квалификации




Процедурата за осигурување квалитет беше развиена врз основа на:

- Правни документи и други документи кои се однесуваат на МСК, а пред сè Законот за НРК и “Методологија за внесување на квалификации во МРК“,
- “Насоки за осигурување квалитет при развивање нови стручни квалификации во Македонскиот систем на квалификации“ изработени во првата фаза од активноста 3.5.2 заедно со работната група за осигурување квалитет составена од претставници од следните македонски институции: Министерство за образование и наука, НРК Одделението, Државниот испитен центар, Центарот за стручно образование и

обука,Центар за образование на возрасни, средното стручно училиште “АСУЦ Боро Петрушевски“, Факултетот за психологија при Универзитетот св. Кирил и Методиј.

- Резултати од работилниците одржани со работната група за осигурување квалитет.

DRAFT

## Кратенки

**Процедура за ОК, процедура за евалуација** – Процедура за осигурување квалитет “Евалуација на ново развиени квалификации”

**МОН**– Министерство за образование и наука

**СК** – Секторска комисија

**КТ** – Компетентен тим

**РГ РК** – работна група одговорна за развивање нови квалификации

**КП** – консултативен процес

## Дијаграм за процедурата за ОК

Следниот дијаграм ги прикажува сите фази од процедурата “Евалуација на ново развиени квалификации”. Легендата под дијаграмот ќе помогне полесно да се прочита и разбере приказот. Сепак, за целосно разбирање на сите фази, врските помеѓу нив и одговорностите на сите вклучени тела, неопходно е да се прочита следниот дел кој содржи детален опис на процедурата за ОК, чекор по чекор.

DRAFT



График 2. Предлог процедура за ОК: Евалуација на ново развиени квалификации




*Предлог процедура за ОК*: **Легенда за дијаграмот**



## Опис на процедурата за ОК

**Фаза 1: НРК Одделението во МОН:** Новата квалификација се испраќа до секторската комисија (СК)

Одделението за НРК ќе ја испрати севкупната документација за ново развиената квалификација до соодветната СК.

Опис на квалификацијата,

- Информации поткрепени со докази околу целите/намените на квалификацијата,
- Информации околу процесот на развивање на квалификацијата: (1) составот на групата одговорна за развивање на квалификацијата (РГ РК), (2)мерки за осигурување квалитет спроведени од страна на РГ РК.

Само квалификациите кои ќе соодветствуваат со формалните барања ќе бидат испратени до секторските комисии.

**Фаза 2: Секторска комисија:** Воспоставување на компетентен тим (КТ)

СК ќе воспостави соодветен компетентен тим за секоја нова квалификација или пак групи на слични квалификации.

Основната задача на КТ е да обезбеди за СК препораки за новата квалификација врз основа на:

- Евалуација на новата квалификација која ја спроведе самите тие (КТ)– Фаза 3,
- Анализа на заклучоците од консултативниот процес – Фаза 5.

Составот на КТ зависи од ново развиената квалификација која што треба да се евалуира.

КТ ќе биде составен најмалку од:

- Претставник од СК во улога на претседавач со КТ,
- Претставник од иницијаторот за новата квалификација,
- Претставник од работната група одговорна за развивање на новата квалификација.
- Лице кое има знаење и вештини за развивање на квалификација. Лицето треба да биде воинституцијата која ја води РГ РК,
- Претставник/ци од работодавачите кои би вработиле потенцијални носители на квалификацијата.

Исто така, претставници од комори, синдикати, факултети, регулирани професии и други тела може да бидат поканети во КТ, доколку е истото потребно.

Составот на КТ ќе ги исполни следните принципи:

- 3-5 члена,
- Непарен број на членови,
- Претставникот на СК ќе биде претседавач со КТ,
- Најмалку еден член од КТ ќе биде независен, надворешен експерт со експертиза во полето на квалификацијата – вон РГ РК, СК, МОН, ЦСОО, Бирото за развој на образование, Центарот за образование на возрасни, Државниот просветен инспекторат, Државниот испитен центар.

DRAFT

- Предложена пропорција на членовите на КТ: повеќе претставници од сферата на пазар на труд отколку од образовниот систем.

**Фаза 3: КОМПЕТЕНТЕН ТИМ:** Евалуација на квалификацијата и препораки

КТ врз основа на документацијата за новата квалификација доставена од страна на СК ќе евалуира:

- Дали новата квалификација одговара на целите/намените – тоа е најважната цел на евалуацијата.
- Квалитет на описот на новата квалификација,
- Квалитет на процесот на развивање на нова квалификација (види подолу 2. и 10.).

Врз основа на заклучоците од евалуацијата КТ ќе ги формулира препораките за новата квалификација. КТ ќе подготви извештај од евалуацијата согласно образецот кој ќе го обезбеди Одборот за НРК.

КТ ќе се потруди да постигне консензус околу содржината на препораките. Ако тоа не е возможно, ќе се спроведе мнозинско гласање. Сите поединечни мислења ќе се запишат и приклучат кон препораките за понатамошно разгледување од страна на СК – Фаза 4 и Фаза 7 – и во процесот на подобрување.

Подетално, евалуацијата ќе ги опфати следните аспекти за квалитет на новата квалификација:

1. Припадност/приклучување на ново развиената квалификација кон одреден сектор;
2. Структура и состав на работната група за развивање на квалификацијата – проверка дали квалификацијата е развиена од страна на експерти со соодветни компетенции и искуство;
3. Услови за влез (упис) (споредба со нивоата од МРК);
4. Обем (волумен) на квалификацијата;
5. Тип на квалификацијата;
6. Сообразност на описот на квалификацијата со одобрените насоки за развивање нови квалификации:
    a. Прегледување на структурата на квалификацијата;
    b. Прегледување дали резултатите од учењето се јасни, транспарентни, мерливи (објективни), остварливи, дали е можно да се одреди нивото на резултатите од учење и контекстот на користење резултати од учење;
    c. Прегледување на резултатите од учењето во споредба со дескрипторите на нивоа;
    d. Прегледување дали критериумите за оценување се во согласност со резултатите од учење;
    e. Прегледување дали процесот на оценување/валидирање е согласно резултатите од учење и критериумите за оценување;
    f. Прегледување дали предложените методи за оценување/валидирање се спроведливи во смисла на време, ресурси;
7. Споредување на резултатите од учење со соседните држави и ЕРК;
8. Прегледување дали квалификацијата одговара на целите/намените:
    a. Прегледување на резултатите од учењето согласно соодветниот стандард на занимање;
    b. Прегледување на резултатите од учењето согласно општествените потреби;

DRAFT

c. Прегледување на резултатите од учењето согласно потребите на ученикот;
d. Дали резултатите од учењето овозможуваат понатамошно учење (формално, неформално, информално);

9. Сообразност со нивоата од МРК;
10. Назив на квалификацијата;
11. Прегледување дали имало внатрешни мерки за осигурување квалитет во процесот на развивање на квалификацијата; напр. Внатрешна или надворешна евалуација на развиената квалификација (пр користење “peer review“ (експертска проверка) – длабински анализи и коментари од експерти и засегнати страни вон работната група);
12. Контекст на стекнување на квалификацијата (формално, неформално образование и информално учење) – пред сè зависи од критериумите и методите на оценување;
13. Можност за проодност;
14. Вид на јавен документ за стекнатата квалификација;
15. Утврдена институција која овозможува стекнување на квалификација и издавање на јавен документ (диплома, сертификат) за стекната квалификација.

**Фаза 4: Секторска комисија:** Одлука за понатамошниот процес

Врз основа на препораките обезбедени од страна на КТ, секторската комисија ќе донесе одлука за понатамошниот процес на евалуација на новата квалификација. Постојат три можни опции:

4.1: ДА – позитивна одлука по евалуацијата, новата квалификација се испраќа на консултации (види фаза 5).

<u>Критериуми за одлуката:</u>Не се утврдени значајни слабости во новата квалификација – во ниту една од трите области кои се покриени со евалуација. Дозволени се единствено ситни слабости во квалитетот на описот на новата квалификација. Под ситни слабости се подразбираат оние кои членот на КТ, кој што е исто така член на работната група задолжена за развивање на квалификацијата, би можел да ги отстрани.

Погледнете ја Дијаграм 3 во Анексот.

4.2: ПОДОБРУВА – условена одлука по евалуацијата. Условена согласност да се остави новата квалификација во процедурата на евалуација. Пред да настапат следните фази, квалификацијата ќе се проследи на ПОДОБРУВАЊЕ, процес кој што го извршува РГ РК. РГ РК е обврзана да ги земе предвид заклучоците од евалуацијата, вклучително и поединечните мислења на членовите на КТ (види погоре ФАЗА 3) во текот на процесот на подобрување.

По процесот на подобрување, новата подобрена квалификација ќе биде испратена до СК. СК започнува со повторна евалуација.

Само еден процес на подобрување е дозволен во оваа фаза од евалуациската процедура! <u>Критериуми за одлуката:</u>концептот на новата квалификација одговара на целите/намените, но структурата и описот не го отсликуваат тоа или пак се погрешни.

Погледнете ја Дијаграм 4 во Анексот.

DRAFT

4.3: НЕ – негативна одлука по евалуацијата. Евалуациската процедура ќе биде прекината. Одлуката заедно со објаснувањето ќе бидат испратени до Одборот за НРК.
<u>Критериуми за одлуката:</u>концептот на квалификацијата не одговара на целите.

Погледнете ја Дијаграм 5 во Анексот.

**Фаза 5: СЕКТОРСКА КОМИСИЈА:**Консултативенпроцес (КП)
Како резултат на позитивната одлука по евалуацијата (ДА), за новата квалификација ќе биде организиран консултативен процес. КП ќе биде организиран од страна на СК со соработка со КТ.
Во најмала рака следните групи, организации ќе бидат поканети во КП:

- Работодавачи,
- Комори,
- Провајдери,
- Синдикати,
- Институции кои ги водат РГ РК,
- Компетентен тим.

Областите за консултации ќе бидат следните:

- Дали новата квалификација одговара на целите/намените,
- Квалитет на описот на новата квалификација,
- Услови за стекнување на новата квалификација.

Методи за спроведување на консултативниот процес:

- Дебата,
- Панел дискусии,
- On-line консултација (пр. Moodle платформа).

Сите учесници во КП ќе бидат снабдени однапред со сите неопходни документи, информации за новата квалификација и ќе бидат поканети во КП.

**Фаза 6: КОМПЕТЕНТЕН ТИМ:** Анализа и заклучоци од КП
КТ ќе ги анализира резултатите од консултативниот процес и врз основа на тоа ќе подготви заклучоци и препораки за новата квалификација.
Извештај од КП кој содржи опис на процесот, учесници, анализа на забелешки, заклучоци од КП и јасно формулирани препораки, ќе биде подготвен од КТ и доставен до СК.

**Фаза 7: СЕКТОРСКА КОМИСИЈА:** Одлука за понатамошниот процес по завршување на консултативниот процес.
Врз основа на заклучоците од КП и препораките обезбедени од страна на КТ, секторската комисија ќе донесе одлука за понатамошно продолжување со евалуациската процедура. Постојат три можни опции:



DRAFT

7.1. ДА – позитивна одлука “по консултациите”. Новата квалификација заедно со целата документација од евалуациската процедура, вклучително и од процесот на консултации со објаснување за одлуката на СК ќе биде доставена до Одборот за НРК.
Критериуми за одлуката:позитивни заклучоци и препораки од КП обезбедени од КТ.

Погледнете ја Дијаграм 3 во Анексот.

7.2. ПОДОБРУВА – условена одлука “по консултациите”. Условена согласност да се остави новата квалификација во евалуациската процедура. Пред да настапат следните фази, квалификацијата со извештајот од евалуацијата и извештајот од КП ќе биде испратена на подобрување, процес кој ќе го води РГ РК. РГ РК ќе биде обврзана да ги земе предвид заклучоците од евалуацијата, вклучително и поединечните мислења на членовите на КТ (види погоре Фаза 3) како и од КП.
Само еден процес на подобрување е дозволен во оваа фаза од евалуациската процедура!
По процесот на подобрување, новата подобрена квалификација ќе се достави до СК. СК започнува со повторна евалуација.
Ако повторната евалуација започне после КП, втор КП нема да биде спроведен. Не е потребно два пати да се врши КП.
Критериуми за одлуката:концептот на новата квалификација одговара на целите/намените, но КП покажал дека квалификацијата треба да се подобри.

Погледнете ја Дијаграм 6 во Анексот.

7.3. НЕ – негативна одлука ”по консултации”. Новата квалификација со целосната документација од евалуациската процедура, вклучително и консултативниот процес со објаснувањето за одлуката ќе се достави до НРК Одборот.
Критериуми за одлуката:согласно КП, нема потреба за новата квалификација.

Погледнете ја Дијаграм 5 во Анексот.

**Фаза 8: Одбор за НРК:**Одлука за внесување на новата квалификација во НРК Регистарот.
Врз основа на одлуката/препораките од СК, како и севкупната документација од евалуациската процедура, вклучително и извештајот од КП, Одборот за НРК ќе донесе одлука за внесување на новата квалификација во НРК Регистарот. Има две можни опции:

8.1. ДА – позитивна одлука за внесување на новата квалификација во НРК Регистарот.

8.2. НЕ – негативна одлука за внесување на новата квалификација во НРК Регистарот.

Конечните одлуки на Одборот за НРК со образложение ќе бидат испратени до иницијаторот, РГ РК и СК, и ќе бидат јавни. Иницијаторот и РГ РК може да ја обжалат одлуката пред истата да стане јавна.

**Фаза 9: НРК Одделението во МОН:** Процедура за обжалување
Иницијаторот, институцијата која ја води РГ РК, и соодветната СК имаат право да се обжалат на одлуката од Одборот за НРК.

Сите жалби ќе бидат доставени на разгледување до Одделението за НРК при Министерството за образование и наука. Одделението за НРК може да најми експерт доколку тоа е потребно при разгледување на жалбата. Потребата за најмување експерт мора да е оправдана.

Вослучајнажалбена процедура, Одделението за НРК ќе ја достави својата одлука до Одборот за НРК и може да одлучи да ја испрати новата квалификација на повторна евалуација до СК.

DRAFT



АНЕКС

Дијаграм 3. Одлуката за понатамошна процедура во фаза 4 и 7 е позитивна.




Дијаграм 4. Одлука за понатамошниот процес за Фаза 4 – ПОДОБРУВА




Дијаграм 5. Негативна одлука за понатамошниот процес во Фаза 4 и Фаза 7




Дијаграм 6. Одлуказа понатамошниот процес во Фаза 7 - ПОДОБРУВА




Предлог процедура за ОК:
Одлука за понатамошниот процес -
ПОДОБРУВА
СТАРТ
МОН
НРК ОДД.
Новата квалификација се доставува за евалуација до Секторската комисија (СК
СК
Воспоставување Компетентен Тим– (КТ)
КТ
Евалуација на квалификацијата и препораките
ДА
СК
Одлука за понатамошниот процес
СК
Консултативен процес(КП)
КТ
Анализа на препораките од КП
Повторна евалуација
Процес на подобрување
РГ за РК
ПОДОБРУВА
Одлука за понатамошниот процес
СК
ДА
НЕ
Повторна евалуација
МОН
НРК ОДД.
ЖАЛБЕНА ПРОЦЕДУРА
ДА/НЕ
НЕ
Одбор за НРК ОДЛУКА
ДА/НЕ
КРАЈ

DRAFT